# СТРАТЕГИЈА СО АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РАБОТА НА
# ЈУ ГРАДСКА БИБЛИОТЕКА „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“ – СКОПЈЕ
# 2022-2025

## Клучни стратегиски определби

Културата е совеста на една земја и на еден народ. Третманот на културата и работењето на нејзиниот раст и развој, се влог во совеста на таа земја и во нејзините вредности. Ги одбирам овие зборови како дефиниција за мојата верба и вербата на сите вработени во ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ – Скопје и во одговорноста и посветеноста во нашата работа. Одговорноста е дотолку поголема затоа што работиме и креираме планови за иднината на институција која има 77 годишна традиција и која несомнено е неизоставен дел од културниот раст на градот Скопје и на Македонија.

Градската библиотека „Браќа Миладиновци“ – Скопје е формирана во март 1945 година со одлука за формирање на библиотеката во градот и оттогаш до денес таа не престанува да ја извршува култирно-просветната дејност. Таа е и меѓу првите институции основани по ослободувањето и токму затоа значи јадро, стожер и втемелувач на јазичниот, културниот, историскиот и книжевниот идентитет на главниот град, но и на целата земја. Традицијата и континуитетот се завет, а обврската да се одржат и надградат се голема чест.

Долгогодишното успешно работење е и патоказ кој налага постојано следење на трендовите во библиотечната дејност, но и сите промени во културата, вклучувајќи го и пулсот на читателската и пошироката публика. Токму затоа, пред нас како предизвик поставивме неколку клучни елементи, кои ќе го утврдат местото на библиотеката во културното живеење на градот, на државата, а ќе ги задржат, зацврстат и продлабочат и меѓународните врски и успеси што таа ги има низ децениите.

**План и програма за работата на ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ - Скопје**

Нашиот акциски план се заснова на два носечки постулата: продолжување на досегашните позитивни практики од долгогодишното постоење, традицијата и работењето на библиотеката и воведување новости кои ќе придонесат кон подобрување, модернизирање и промоција на читачката култура, а со тоа и на самата библиотечна дејност. Вложените напори ќе бидат во насока на максимално остварување на цели кои се видливи, мерливи и конкретни, а кои се наведени во Предлог-прорамата. Работата на управата и на вработените во библиотеката ќе биде одговорна, транспарентна и за неа граѓаните ќе бидат редовно информирани преку јавните гласила.

Програмата се темели на десет столба, чиешто систематско и конзистентно остварување ќе го одреди и квалитетот на функционирањето на ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“- Скопје:

1. Развој, каталогизација и дигитализација на библиотечниот фонд;

2. Промоција на македонската литература;

3. Техничко-кадровско усовршување на вработените;

4. Соработка со културни институции и организации;

5. Односи со јавност и медиумска видливост на работата на библиотеката;

6. Негување и подигнување на читателската свест кај младите;

7. Грижа за библиотечните простории и тековно оддржување;

8. Издавачка дејност;

9. Реставрација на книги;

10. Достапност на библиотеката за лица од социјално ранливите категории;

**Развој, каталогизација и дигитализација на библиотечен фонд**

1. Обновување на книжниот фонд со квалитетна, актуелна и современа литература и зголемување на видливоста, а со тоа и интересот за неа.

2. Видливост на новите изданија кои пристигаат во библиотеката. Нивна промоциија преку социјалните мрежи кои се главен медиум и гласило за помладата популација.

3. Збогатување на фондот на стручна литература и повремени кампањи за таргетирани читатели, со посебен акцент на младите и студентите. На пр. архитекти и студенти на архитектура, студенти по медицина итн.

4. Продолжување и надградба на процесот на дигитализација на книжевниот фонд.

5. Конкурирање за европски фондови со проекти поврзани со библиотечната дејност и дигитализација на специфични книжевни изданија..

**Промоција и организирање настани посветени на македонската литература**

Промоцијата на македонската литература подразбира воспоставување и одржување здрав и квалитетен однос помеѓу читателите, писателите и издавачките куќи. Според тоа, библиотеката во својата стратегија ќе даде максимален придонес за развивање на нивната соработка, што треба да донесе видливи резултати за сите страни.

Во промоцијата на македонската литература како еден од врвните приоритети, клучна активност/столб е кампањата **„Читаме современи македонски автори“** со детално разбработен план и етапи.

За кампањата: Следејќи ја својата мисија да биде културно јадро на градот и пошироко, но и место на паметење, меморија и портал кон иднината пред сè во литературата, Градската библиотека „Браќа Миладиновци“ – Скопје ја започна долгорочната кампања која има неколку активности:

- Книга на месецот: промоција на книгата, нејзино изложување на видливи места низ библиотеките, препорака за нејзино читање од самите библиотекари на пулт, промоција на насловот на социјалните мрежи, избор на рецензии и фрагменти од книгата кои се споделуваат цел месец.

- Разговор со авторот: непосреден разговор со авторот за поширока публика, но и за постручни читатели. Можност публиката да се запознае со авторот на книгата на месецот, со неговиот/нејзиниот процес на работа, на креирање и создавање на делото и воопшто на творечките процеси на еден автор - наш современик. Разговорот е поттик и за различен прочит на делото;

- Клуб на читатели: неформална средба на читатели кои сакаат да споделат импресии за книгата на месецот, директна средба на читателите со авторот и делото. На оваа средба може да присуствуваат сите заинтересирани за книгата. Модератори се млади вљубеници во книгата или млади книжевници.

Визија и мисија: во овој деликатен општествено-политички момент, кој ги диктира и приоритетите во културата, сметаме дека е од особено значење библиотеката како институција да застане зад домашните автори кои творат на македонски јазик и да биде мост меѓу нив и читателите. Македонската литература има долга традиција, а нејзината вредноста ја продолжуваат авторите кои ни се современици, наши колеги, сограѓани. Тие пишуваат на мал јазик, но пишуваат дела кои со својот квалитет стојат рамноправно до делата на светски познатите, признатите, преведувани и читани автори. Свесни сме дека како земја и култура немаме изградена стратегија за превод на македонската литература на светски јазици, свесни сме дека многу од нашите автори, иако заслужуваат, немаат ниту еден превод надвор од нашите граници, но тоа не нè обесхрабрува. Напротив, сметаме дека токму нашите читатели треба да бидат тие кои ги читаат нашите автори, домашните писатели, писателите кои творат на македонски јазик. Оттука е и нашиот порив да поттикнеме што поголем интерес за домашната литература и за македонските автори. Тоа секако го правиме во соработка со македонските издавачи, кои одлично одговорија на поканата за соработка во кампањата.

Долгорочните цели: По првичната фаза од септември 2022 до мај 2023, во кој се претставуваат 8 автори (четворица автори и четири авторки) и исто толку дела, кампањата ќе продолжи во септември 2023 со нов циклус од нови 8 дела. Идејата е библиотеката да го поттикне и зголеми љубопитството за македонските автори и за македонските дела од поновата книжевна продукција. Нашата визија ја темелиме на желбата кампањата да биде поттик и за другите библиотеки и институции кои ќе ја сфатат потребата од поддршка на квалитетните македонски автори, на домашното издаваштво и секако на македонскиот јазик. Кампањата треба да резултира и со зголемен откуп на понови дела од македонските автори.

Во структурирањето на кампањата „Читаме современи македонски автори“ , како и во целосната стратегија за промоција и организирање настани посветени на македонската литература, во предвид се земени трите клучни чинители:

ЧИТАТЕЛИ:

1. Нашиот пристап кон читателите се темели на целосна отвореност. Библиотеката како јавна установа треба да е отворена за читателите, учениците, студентите. Отвореноста се манифестира и преку поддршка на нивни иницијативи, проекти, како и преку отстапување простори за користење, како поддршка на некомерцијални настани кои имаат значење за културата, поседуваат уметнички квалитет и кои ја афирмираат книжевноста, читањето и културата. Нивното значење и квалитет ќе бидат препознаени и одобрени од управата.

2. Иницирање жив клуб на читатели кој би се одржувал еднаш во месецот и би бил од отворен карактер. Средбата е од неформален карактер и има за цел да се поврзат луѓето кои читаат и кои сакаат да разговараат за делата што ги прочитале. Модератори на средбата се млади луѓе, студенти по книжевност, штотуку дипломирани и книжевници кои се пробиваат на книжевната сцена. Клубот е простор и за нивна афирмација и поддршка. Нивната младост, љубопитство и отвореност е клучната алка во комуникацијата со публиката, односно читателите.

ПИСАТЕЛИ:

1. Промоција на книжевно-уметнички и книжевно-критички дела од македонски автори, од првата генерација писатели до современите романсиери, поети, драматурзи и книжевни критичари, односно есеисти. Организирање книжевни промоции и претставување на целокупното творештво на авторите, соработка со фестивали од земјата и од странство, организирање поетски и драмски читања, како и изложби на стари и ретки изданија. Организирање и поддршка и на мултимедијални настани кои во основа ја имаат литературата.

2. Составување Годишен календар со настани од важност за македонската литература, кои ќе бидат одбележани од библиотеката: годишнини од раѓање на македонски писатели и дејци важни за литературата и културата. Во рамки на календарот, на одредени датуми за кои ќе биде оценето дека се од приоритетно значење, библиотеката ќе се погрижи да организира одбележувања со физичко присуство, додека пак за другите ќе

прави објави на социјалните медиуми, со што младите читатели подобро би се запознале со писателите и со нивниот опус.

3. Вмрежување – во оваа точка библиотеката ги пресретнува и писателите и читателите и ги спојува преку поддршка на фестивали, иницијативи, промоции и мултимедијални настани кои ја диктираат живата книжевна и културна сцена. Како културно јадро или културен стожерник од ослободувањето па до денес, библиотеката ги отвора своите врати за настани кои ги следат современите текови, тенденции и потреби на книжевната и културната сцена. Локалните (скопски) фестивали и манифестации, како и оние од регионален и национален или меѓународен карактер во библиотеката треба да препознаат свој партнер и поддржувач. Библиотеката својата поддршка и отвореност ја изразува не само просторно-логистички, туки и институционално вклучувајќи ги во проектите и човечките ресурси и својата стручност. Во зависност од проектот и степенот на промоција, како и доближување до различните видови публика, во настаните и вмрежувањето се вклучуваат библиотекарите со својата стручност и компетенција, а на располагање на учесниците им се става и книжниот фонд и посебните одделенија.

ИЗДАВАЧКИ КУЌИ:

1. Соработка со издавачките куќи. Поддршка на помалите издавачи преку откуп на нивни книги и презентација на нивни автори, но соработка и со големите, етаблирани издавачки куќи.
2. Организирање на саеми на книгата, чијашто динамика ќе биде благовремено определена во договори со издавачките куќи, земајќи ги предвид трендовите во современата литература и потребите и желбите на читателите. Градење читателска публка која ќе препознава квалитетни наслови и автори.

**Техничко-кадровско усовршување на вработените**

1. Максимално користење на постоечкиот потенцијал на вработените за оптимално функционирање на библиотеката, а во функција на подобрена услуга кон читателите. Ова е остварливо со подобар надзор над работата на вработените и тежнеење кон нивна целосна професионализација, но и со подобра комуникација со нив, редовни состаноци и дискусија за проблемите

со кои се соочуваат, како и уважување на нивните идеи и иницијативи, во интерес на унапредување на работата на институцијата.

2. Координирање на работата на раководителите на ограноците во насока на подобрување, униформност и комплементарност на услугите и политиките на библиотеката. Редовни состаноци на кои ќе се дадат извештаи за сработеното за тековниот месец и ќе се презентира планот за следниот месец.

**Соработка со книжевни институции и организации**

1. Воспоставување и оддржување соработка помеѓу библиотеката и останатите библиотеки и институции. Оддржување на соработката со организации од типот на: Друштвото на писателите на Македонија (ДПМ), Библиотекарското Здружение на Македонија (БЗМ), Инстиутот за македонска литература (ИМЛ), Македонскиот ПЕН Центар, Филолошкиот и Филозофскиот факултет при УКИМ, Педагошкиот факултет итн.

2. Соработка со книжевни списанија, нивна промоција, претставување и достапност за нивно изнајмување и читање. Споделување на повиците и конкурсите на списанијата за креирање содржини.

3. Соработка со неформалните литературни кружоци од цела држава преку нивна презентација и организирање настани со цел и авторите од внатрешноста да се претстават пред скопската публика.

4. Соработка и вмрежување со книжевните фестивали (поетски, прозни, драмски, литература за деца) и книжевни натпревари, конкурси и работилници.

4. Организирање трибини и дебати, со цел придонес кон изградбата на национална стратегија за читање.

**Односи со јавност и медиумска видливост на работата на библиотеката**

1. Редовно информирање на медуимите за тековните настани и работата на институцијата, преку дописи до медиумите, интервјуа и прилози.
2. Присутност на социјалните медиуми со постојани информации за настаните во библиотеката, новите изданија достапни за изнајмување,

информации за книгите, новости во библиотеката, рецензии, извадоци од книги, песни и цитати, кои би ги поттикнале читателите да се запознаат со повеќе автори и нивните дела. Споделување важни информации и датуми поврзани со роднокрајните автори и нивните дела. ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ е и роднокрајна библиотека на главниот град-Скопје со посебно роднокрајно одделение со богат фонд.

**Негување на читателската свест кај младите**

1. Соработка со студенти и студентските здруженија и поддржување на нивните проекти и иницијативи. Поттикнување и иницирање едукативни работилници и активно вклучување на младите во нив.

2. Соработка со детските градинки, основните и средните училишта и поддржување на нивни иницијативи за настани кои би ја промовирале литературата и читањето. Заложбата е библиотеката да биде и важно културно јадро отворено за уметничко изразување пред сè на младите, на оние кои бараат простор за креација преку културата и уметноста. Библиотеката и нејзините објекти да бидат своевидни алтернативни сцени достапни за креативците од сите возрасти.

3. Соработка со училиштните библиотеки и библиотекарите.

4. Наградни конкурси за литературни дела од ученици во средните и основните училишта на територијата на градот Скопје.

5. Обмислување и спроведување кампања за промовирање на читањето како позитивна активност и вредна навика на сметка на негативните однесувања и општествени тенденции, како што се на пример спортските обложувалници и казината. Овој сегмент влегува и во доменот на едукативната функција на библиотеката, која преку книгата треба да стигне до најмладите и ним да им ги пренесе вистинските и трајни вредности.

**Грижа за просториите под ингеренции на библиотеката и нивно тековно одржување**

1. Проценка на фактичките состојби во зградата на библиотеката, како и сите објекти кои се под ингеренции на ЈУ Градска библиотека „Браќа

Миладиновци“ - Скопје. Во оваа смисла, неопходно е одржување состаноци и средби со раководителите на секој огранок, разговор, проценки и носење одлуки околу нивното евентуално реновирање, како и обновување на инвентарот согласно со тековните потреби.

**Издавачка дејност**

1. Објавување книги, антологии, како и научни трудови поврзани со библиотечната дејност.

2. Објавување монографии и друг тип литература тематски поврзана со Скопје и со историјатот на работата на библиотеката.

**Реставрација на книги**

1. Реставрација на стари и ретки книги кои се дотрајани и оштетени, како и на понови изданија уништени од користење.

**Достапност на библиотеката за лица од социјално ранливи категории**

1. Бесплатни членарини за децата од социјални или еднородителски семејства.

2. Набавка на книги со Брајово писмо и книги за лицата со дислексија.

3. Подобрување на пристапот за лицата со попреченост, онаму каде што има можност за тоа.

4. Организирање редовни читања за пензионерите во домовите за стари лица , како и за деца кои се хоспитализирани подолго време.

5. Соработка со психолошко-педагошки советувалишта, преку поддржување иницијативи и едукација за ученици од средните училишта и членови на библиотеката со цел подигнување на свеста за значењето на менталното здравје, со користење на психолошки книги и книги за личен развој.